**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Ликовно образование

## за V одделение

**Скопје, 2021 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Ликовно образование*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | V (петто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Цртање***<br>• ***Сликање***<br>• ***Пластично обликување и градење***<br>• ***Графика***<br>• ***Дизајн и визуелни комуникации*** |
| **Број на часови** | 1 час неделно/36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Аудиовизуелни средства (телевизор, ДВД-уред, ЛЦД-проектор, касетофон, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер, паметна табла, таблет за цртање, печатач или други дигитални уреди).<br>• Интернет, образовни софтвери.<br>• Средства и материјали за цртање (хартија, молив, лавиран туш, туш во боја, перце, креди, дрвце, јаглен, природни и вештачки материјали, штафелаи).<br>• Средства и материјали за сликање (акварел, гваж, темпера, пастел, природни и вештачки бои, материјал за колажирање, лепак, ножици).<br>• Средства за пластично обликување и градење (пластелин, глина, глинамол, тесто, пластика, амбалажа, алуминиумска фолија, жица, конец, ткаенина, песок, снег, стиропор, плодови, камења, корења, гранки, шпакли и др.).<br>• Средства за печатење (матрица, графички лист – отпечаток, гипс, картон-печат, валјак, јута, волница, чипка, ребрест картон и др.). |

| | |
|---|---|
| | • Средства за дизајн и визуелни комуникации (фотографија, спот, реклама, илустрација, корица, интернет, стрип, визуелен знак, вазни, лампи, лустери, накит, честитки, украси, тонирана хартија).<br>• Нагледни средства (цртежи, фотографии, изработки, списанија, книги, плакати, постери, апликации, илустрации, проспекти, скулптури, музеи). |
| **Норматив на наставен кадар** | Воспитно-образовната работа во петто одделение може да ја изведува лице кое е:<br>• професор/наставник/учител по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Уметничко изразување и култура*** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VIII-A.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-A.2 | да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности; |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-A.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од други кои се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |

| | *Ученикот/ученичката прифаќа дека:* |
|---|---|
| VIII-Б.2 | критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди: ***Дигитална писменост***, ***Личен и социјален развој***, ***Општество и демократска култура*** и ***Техника, технологија и претприемништво.***

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| IV-А.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ-алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби; |
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци; |
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-А.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-А.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-А.11 | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош; |
| V-А.12 | успешно да се справува со социјални притисоци; |
| V-А.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |

| | |
|---|---|
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| V-А.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење; |
| VI-А.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-А.17 | да го анализира влијанието на пишаните, електронските и социјалните медиуми врз јавното мислење и да избира веродостојни извори на информации врз кои ќе ги базира сопствените ставови; |
| VII-А.4 | да генерира идеи и осмислува активности кои водат до продукти и/или услуги; |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критички однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |

| | |
|---|---|
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VI-Б.9 | секој граѓанин треба да презема одговорност за промените во природата предизвикани од активностите на човекот; |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***ЦРТАЊЕ***

Вкупно часови: **8**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. создава цртеж со користење нови техники (тушеви во боја, сенчење, контраст на линии со различен интензитет и сл.);
2. користи видикова линија, ритам, текстура и композиција во цртањето;
3. разликува целина и детаљ и создава композиција со детаљ;
4. споредува цртежи од познати уметници врз основи на статика – динамика, мотив, техника, богатство на линии, ритам и текстура;
5. црта уметнички цртежи на компјутер.

Ученикот/ученичката ќе:

6. развива способност за естетска проценка на цртежи.

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување |
|---|---|
| • Техники за цртање со различни материјали за цртање<br>(тушеви во боја, видикова линија, статика, динамика, текстура, лавирање, сенчење, контраст, интензитет) | • Препознава видик и видикова линија во природата и ги користи во цртањето.<br>• Комбинира точки, линии и плоштини и црта текстура.<br>• Разликува статика и динамика и црта и лавира со тушеви во боја.<br>• Применува техника сенчење за претставување сенка на предметите.<br>• Црта контраст на линии со различен интензитет. |
| • Ликовни елементи и принципи во цртањето и естетска проценка на цртежи<br>(мотив, комбинации на точки, линии и плоштини, целина и детаљ, богатство на линии, ритам на цртежи, композиција, уметнички цртеж, естетска проценка) | • Создава композиција со детали.<br>• Анализира и споредува цртежи од познати уметници.<br>• Применува мотив, богатство на линии, ритам и текстура како ликовни елементи во цртањето.<br>• Користи компјутерски програми за конструирање цртеж. |

**Примери за активности**

- Учениците цртаат на мотив **Дрворед**, применувајќи ги ликовните елементи: простор и перспектива и текстура. Притоа, тие користат: комбинација на молив, туш со четка, туш со перо, јаглен, пастел – црн и бел. Наставникот им дава насока да создадат атмосфера на трета димензија со употреба на светло, темно и сенка.
- Учениците цртаат на мотив **Птици: петел, паун или сл**., применувајќи ги ликовните елементи: линија и хармонија во линијата. Како материјали се користат: молив, туш со четка, туш со перо, јаглен, пастел – црн и бел. Се напоменува линијата од моливот да не се покрива со тушот.
- Учениците цртаат на мотив **Мртва природа на есенски плодови,** применувајќи го ликовниот елемент тон, а како материјал  користат лавиран туш. Наставникот им дава насока да создадат атмосфера на трета димензија.
- Учениците цртаат на мотив **Дрво**, применувајќи го ликовниот елемент насока/вертикална насока. Притоа, користат: комбинација на молив, туш со четка, туш со перо, јаглен, пастел – црн и бел.
- Учениците со помош на компјутер анализираат дела на познати уметници и цртаат на мотив **Мојата соба** (на компјутер или слободен, рачен цртеж ), а како ликовни елементи применуваат простор и форма. Цртаат со комбинација на молив и пастели или компјутерски програми за цртање. Наставникот им дава насока на учениците со сенчење да создадат илузија на тродимензионалност со светло/темно.
- Учениците цртаат на мотив **Суви гранки и листови**, користејќи ги ликовните елементи линија и контраст во линијата. Наставникот им дава насока за препознавање и воочување на карактерната линија во цртежот, а како материјали

употребуваат: комбинација на молив, туш со четка, туш со перо, јаглен, пастел – црн и бел, со напомена учениците да не ја покриваат со туш линијата од моливот.

- Учениците цртаат на мотив **Есенски плодови – пченка или калинки**, применувајќи ги ликовните елементи: линија, волумен и текстура во линијата. Наставникот им дава насока да создадат волумен со помош на текстура со линија. Како материјали во цртањето учениците користат: комбинација на молив, туш со четка, туш со перо, јаглен, пастел – црн и бел, со напомена дека линијата од моливот не треба да се покрива со туш.
- Учениците цртаат на мотив **Винови лози**, применувајќи ги ликовните елементи: линија, простор, богатство на линии, ритам, текстура и композиција. Наставникот им дава насока на учениците за создавање планови при изработувањето на пејсажот. Како материјали користат: комбинација на молив, туш со четка, туш со перо, јаглен, пастел – црн и бел. Напомена: линијата од моливот да не се покрива со тушот.
- Учениците, на дигитални уреди, истражуваат за нови компјутерски програми за цртање и конструираат самостоен цртеж.

Тема: ***СЛИКАЊЕ***

Вкупно часови: **15**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. користи различни ликовни материјали, техники и елементи и да создава слика;
2. применува комплементарен контраст на топли/ладни бои и темни/светли бои при сликањето;
3. создава сликарска текстура и да одредува карактер на мотивот на сликарските творби;
4. слика со помош на компјутерски програми.

Ученикот/ученичката ќе:

5. развива имагинација и креативност преку сликањето.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Ликовни материјали, техники и елементи во сликањето: подлоги, прибор, сликарски материјали – темпера, водени бои, гваш, природни и вештачки бои, тон, боја, комплементарен контраст, топли и ладни бои, темни и светли бои, внатрешен и надворешен простор | • Користи различни средства и подлоги за сликање.<br>• Разликува тонови и бои, ги комбинира и прави слика.<br>• Претставува комплементарен контраст на топли/ладни бои и темни/светли бои.<br>• Воочува и слика внатрешен и надворешен простор. |

| | |
|---|---|
| • Естетско проценување: сликарска текстура, ахроматска и хроматска композиција, трансформација, слој на боја, комбинација на големи и мали форми, карактер на мотивот и естетско проценување, мотив – мртва природа, пејсаж, портрет, композиција | • Создава сликарска текстура.<br>• Трансформира ахроматска композиција во хроматска.<br>• Нанесува различни слоеви боја на сликарска подлога.<br>• Слика со комбинација на мали и големи форми.<br>• Одредува карактер на мотивот на сликата (естетски ја проценува).<br>• Разликува разни мотиви (мртва природа, пејсаж, портрет, композиција) и ги именува.<br>• Употребува компјутерски програми во сликањето. |

**Примери за активности**

- Учениците сликаат на мотив **Човечка фигура**, применувајќи ги ликовните елементи: боја, пропорции и форма, а како материјали користат: темпера, акварел, пастел. Наставникот им дава насока да создаваат композиција во која ќе се препознаат седечки и стоечки форми во два плана и притоа да употребуваат различни средства и подлоги за сликање.
- Учениците сликаат на мотив **Мојот одмор на море**, користејќи ги како ликовен елемент ладните и топлите бои, а како материјал акварелот. Наставникот им дава насока за создавање пејсажна композиција со планови која претставува комплементарен контраст на топли/ладни бои и темни/светли бои.
- Учениците сликаат на мотив **Виножито** со употреба на ликовниот елемент боја – ладни и топли бои и материјал – темпера. Наставникот дава насока за создавање плошна композиција со нагласување на спектарот на бои.
- Учениците сликаат на мотив **Есенски пејсаж** со користење на ликовните елементи боја (топли бои) и простор, а како материјал употребуваат темпера. Наставникот ги насочува да создадат композиција со нагласување на надворешниот простор.
- Учениците сликаат на мотив **Синџир**, применувајќи ги ликовните елементи тон и форма, а како материјал употребуваат темпера. Наставникот им дава насока за создавање композиција со перфорирани форми.
- Учениците сликаат на мотив **Мртва природа** со употреба на ликовните елементи форма и вертикална/хоризонтална композиција, а како материјал користат темпера. Наставникот им дава насока за создавање композиција од чаши, чинија, бокал, шише или други садови за нагласување на формата, но и внатрешниот и надворешниот простор.
- Учениците создаваат мотив **Цвеќе** со примена на ликовните елементи: насока, форма, боја и текстура, а како материјал користат колаж од хартија. Наставникот ги насочува на создавање мозаик со нагласување на една централна форма и користење различни средства и подлоги за сликање.
- Учениците сликаат на мотив **Градина со црвени пиперки и градина со темјанушки** при што како ликовен елемент користат боја (ладни и топли бои) и комплементарен контраст во боја. Како материјал користат темпера. Наставникот

дава насока за создавање композиција со нагласување на контрастот зелена – црвена; жолта – виолетова; сина – портокалова или да трансформираат ахроматска композиција во хроматска.

- Учениците сликаат на мотив **Портрет** со употреба на ликовните елементи боја и пропорции, а како материјали користат: темпера, акварел, пастел. Наставникот дава насоки за нанесување различни слоеви боја на сликарска подлога.
- Учениците сликаат на мотив **Зеленчук**, применувајќи ликовен елемент боја – ладни и топли бои со сликарски материјали – темпера и пастел. Наставникот ги насочува да создадат композиција со прв и втор план и да нанесуваат различни слоеви боја на сликарска подлога.
- Учениците сликаат на мотив **Традиционален колан** со употреба на компјутер и програми за цртање. Како ликовни елементи користат: форма, ритам, боја и големина. Од наставникот добиваат насока за создавање композиција во која се нагласува ритамот и упатства за употреба на соодветни компјутерски програми во сликањето.
- Учениците разгледуваат слики на компјутер со различни мотиви, го одредуваат карактерот на мотивот и естетски ја проценуваат уметничката вредност на сликата.
- Учениците набљудуваат слики и прават разлика меѓу пејсаж, мртва природа, портрет и композиција и ги воочуваат ликовните елементи и материјалите користени во нивното создавање.
- Учениците користат компјутер и употребуваат различни компјутерски програми за сликање.

Тема: ***ПЛАСТИЧНО ОБЛИКУВАЊЕ И ГРАДЕЊЕ***

Вкупно часови: **5**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. користи различни техники и материјали за пластично обликување во просторот и да создава облици, да моделира и да гради;
2. воочува и опишува волумен и да компонира целина од две или повеќе фигури;
3. прави разлики меѓу висок и низок релјеф и да моделира низок релјеф;
4. обликува и гради со примена на компјутер.

Ученикот/ученичката ќе:

5. ја развива креативноста и мануелната способност.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| --- | --- |
| • Пластично обликување и моделирање и градење – елементи, материјали, средства и естетско проценување (волумен – | • Користи различни средства и материјали за пластично обликување и градење. |

| | |
|---|---|
| аглест/валчест, испапчен/вдлабнат, композиција, пропорција, контраст, релјеф – висок/низок, негеометриски слободни форми, геометриски тела, скулптура, биста, тридимензионалност) | • Опишува волумен (аглест/валчест, испапчен/вдлабнат) и го препознава кај различни облици и градби.<br>• Компонира целина од две или повеќе фигури.<br>• Прави разлика меѓу висок и низок релјеф.<br>• Моделира низок релјеф и применува контраст и пропорција.<br>• Изработува макета (населба, улица, плоштад, парк) со просторно решение.<br>• Препознава и изработува тридимензионални форми (статуа, релјеф, биста, архитектонска градба). |

**Примери за активности**

- Учениците креираат модели од картон, хартија, ткаенина, конец, дрво и др. за куклената претстава „Пинокио“. Наставникот им дава насоки за нагласување на формите со помош на боја, форма, текстура и креирање на единство на елементи. Учениците учат да компонираат целина од две или повеќе фигури.
- Учениците со употреба на мека жица како материјал за работа креираат различни волуменски форми на мотив **Птица, гнездо и слично**. Со помош на виткање и спојување создаваат волуменска форма. Добиваат насоки од наставникот да создадат композиција во која ќе се препознаат основните елементи на линијата како ликовен елемент во креирањето на композицијата (сооднос: празно – полно ).
- Учениците разгледуваат различни облици и градби и воочуваат и опишуваат за каков волумен станува збор (аглест/валчест, испапчен/вдлабнат) и го претставуваат на сопствена слика.
- Учениците со употреба на рециклирана амбалажа креираат волуменски форми на човечка фигура **робот** со добивање насоки од наставникот да ги нагласат формите со помош на боја, форма, текстура и креирање на единство на елементи и да компонираат една целина од две или повеќе форми.
- Учениците изработуваат макета (населба, улица, плоштад, парк) и на неа претставуваат просторно решение.
- Учениците моделираат композиција од различни геометриски форми или слободни форми на глинена плоча со помош на додавање на материјал или длабење на подлогата. Од наставникот добиваат насока да создадат релјефна композиција во која ќе се препознаат основните елементи (испакнато/вдлабнато, аглесто/валчесто...).
- Наставникот дава примери за висок и низок релјеф и учениците определуваат во што се состои разликата меѓу нив. Потоа моделираат низок релјеф со примена на контраст и пропорција.

- Учениците прават макети на куќи, згради и објекти со помош на различни волумени направени од хартија или картон или готови кутии и креираат населено место. Во композицијата треба да се препознаат основните елементи на урбанизмот, контраст на волумен и простор и создавање на целина од две или повеќе фигури.
- Учениците моделираат различни скулптури по сеќавање од претходно посетени музеи или скулптури на отворен простор со тридимензионални форми (статуа, релјеф, биста, портрет, архитектура).
- Учениците разгледуваат компјутерски уметнички дела (облици и градби: биста, статуа, портрет, релјеф, архитектура) и ги препознаваат тридимензионалните форми кај нив.

Тема: ***ГРАФИКА***

Вкупно часови: **3**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. ги користи техниките гипсорез и линорез за печатење;
2. печати со разновидни плошни форми и текстури;
3. изработува и печати едноставен графички знак или декоративен елемент.

Ученикот/ученичката ќе:

4. развива креативност преку изработка на графика.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Елементи и принципи во графиката; средства и техники за печатење (линија, контраст, текстура, форма, композиција, отпечаток, длабење, валјак, матрица, графички лист, картон-печат, графика, монотипија, колографија, гипсорез, линорез) | • Користи различни средства за печатење, одделно и во комбинација.<br>• Создава графички отпечаток со монотипија и колографија.<br>• Печати со користење на техниката гипсорез/линорез.<br>• Применува разновидни плошни форми и текстури од текстил во ликовната техника *Картон-печат*.<br>• Користи едноставен графички знак или декоративен елемент во печатењето. |

**Примери за активности**

- Учениците прават отисоци од обоени листови од различни растенија на претходно обоена и сува површина на картон со цел да се добие композиција од контрастни бои и форми.
- Учениците креираат подлога за печатење со употреба на техниката *Колографија*. На пластична или картонска подлога се налепуваат материјали со различни текстури (конец, волница, ткаенини, листови, пердуви, шмиргла, песок и сл.) со

цел да се добие композиција која ќе биде составена од различни нагласени структури. На добиената површина се нанесува боја која потоа се печати на хартија, при што се нагласуваат формите со текстура и контраст.

- Учениците печатат графички листови со помош на техниката *Монотипија*. На пластична подлога претходно со боја за печатење учениците со четка сликаат мотив на апстрактна слика или одреден правец во модерната уметност, според претходни упатства и модели прикажани од наставникот. Подготвената подлога се печати на хартија, при што се креира композиција на елементи од различни форми, креирање на единство на елементи и хармонија.
- Учениците изработуваат графика во две или повеќе бои со техниката *Линорез/гипсорез*. За секоја боја ученикот треба да изработи засебна графичка подлога. Печатењето се врши редоследно според претходно изработен цртеж на зададена тема **Пејзаж** или **Мртва природа** или претходно изработено дело од наставната единица ***Сликање***. Наставникот дава насока да се создаде плошна композиција со нагласување на контрастот на бои.
- Учениците изработуваат графика во две или повеќе бои со техниката *Шаблон/ситопечат*. За секоја боја ученикот треба да изработи засебна графичка форма на шаблон. Печатењето се врши редоследно според претходно изработен цртеж на зададена тема **Дрво** или претходно изработено дело од наставната единица ***Сликање***. Притоа, наставникот дава насока дека при создавањето плошна композиција се нагласува контрастот на бои и се применуваат разновидни плошни форми и текстури од текстил во картон-печатот.
- Учениците прават цртеж на омилен лик од цртан филм, бајка, спортист и сл. Цртежот потоа се обработува со помош на компјутерска програма и се прави подготовка која потоа може да се употреби за да се испечати маица. Притоа, се креира композиција на елементи од различни форми со единство на елементи и хармонија и користење на едноставен графички знак или декоративен елемент во печатењето.

Тема: ***ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ***

Вкупно часови: 5

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. користи различни техники, средства и материјали за креирање дизајн кој обезбедува визуелна комуникација;
2. применува ликовни елементи и принципи во дизајнот и прави оригами, постер/плакат, монограм и орнамент;
3. употребува компјутер и дигитални уреди во дизајнирањето.

Ученикот/ученичката ќе:

4. развива мануелни способности и креативност.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| • Основи на ликовниот јазик во дизајнот и визуелната комуникација: ликовни елементи и принципи; средства, материјали за работа (оригами, постер, плакат, орнамент, фриз, монограм) | • Креира плакат користејќи слика и текст.<br>• Изработува фриз и орнамент со употреба на геометриски или природни форми.<br>• Креира монограм.<br>• Дизајнира предмети со користење елементи од народниот фолклор.<br>• Прави оригами според демонстрирано упатство.<br>• Применува компјутер за изработка на дизајн. |

**Примери за активности**

- Учениците дизајнираат плакат за здрава храна (производство или употреба) при што креираат форми со помош на боја и ритам и ги нагласуваат формите со користење контраст со цел да се воспостави визуелна комуникација (употреба на компјутер).
- Учениците дизајнираат шал, капа и ракавици, применувајќи ги ликовните елементи: повторување, боја, форма, големина и градација. Наставникот дава насока да се нагласат традиционалните вредности или да се модернизираат. (Се користат елементи од народниот фолклор со природни или геометриски форми.)
- Учениците дизајнираат личен знак, т.е. монограм од иницијалите на личното име и презиме. Потоа сите знаци се поставуваат на една заедничка основа во форма на пано. Наставникот ги насочува учениците да креираат композиција од елементи со различни форми – креирање на единство од елементи и хармонија и за таа цел може да применуваат и компјутер.
- Учениците цртаат и дизајнираат на мотив **Ѕвезда**, а како ликовни елементи користат повторување и боја за создавање украси за празник (Нова година, 8 Март, роденден и сл.).
- Учениците дизајнираат лампион со употреба на ликовните елементи: боја, форма и големина. Наставникот ги насочува учениците да ги нагласат формите со помош на боја и ритам и употреба на оригами како основа во креирањето.
- Учениците дизајнираат чанта (машка или женска), применувајќи ги ликовните елементи: боја, форма и големина, со нагласување на формите со боја и ритам и употреба на оригами како основа во креирањето.
- Учениците дизајнираат мени за мобилен телефон при што ги користат следниве ликовни елементи: повторување, боја, форма и големина) и ги нагласуваат формите со помош на боја.
- Учениците дизајнираат знаме со употреба на ликовните елементи: повторување, боја, форма и големина (државното знаме, знаме на училиштето, на спортската екипа на училиштето и сл.).

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам. Исто така, наставникот внимава во изработките на учениците да не се провлекуваат родови и етнички стереотипи.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на активностите/поимите од предметот ***Ликовно образование*** со содржините/стандардите од другите предмети при планирањето и реализацијата на наставата. На тој начин овој наставен предмет ги мотивира учениците во учењето на другите предмети и помага во нивно полесно совладување.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот редовно ги следи и вреднува постигањата на учениците во текот на наставата. Се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, ангажираноста, посветеноста во работата, индивидуалната, тандемската и групната работа. За учеството во активностите учениците добиваат повратна информација со која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
- практичната активност за време на часот (учество во активностите);
- изработените ликовни творби (цртање, сликање, пластично обликување и градење, графика, дизајн и визуелни комуникации);
- учеството во изработката на сопствените и заедничките творби.

При следењето на постигањата на учениците наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап за постигањата на секој ученик поединечно. На крајот на годината се изведува сумативна описна оценка на постигнатите стандарди за оценување. На крајот од учебната година ученикот добива бројчана сумативна оценка.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | 2022/2023 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Ликовно образование* за V одделение.** | Решение бр. 08-17534/2<br>17.12.2021 година |